**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на Советот на Општина Новаци,**
**одржана на ден 28.11.2025 година, со почеток во 12:00 часот**
**во просториите на општинската зграда во Новаци**

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни работи, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања, Павлина Таневска-Соработник и Благој Бежановски-Советник.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 2$^{pa}$ седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за формирање Комисија за елементарни непогоди;
3. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
4. Разгледување и донесување на Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;
5. Разгледување и донесување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;
6. Разгледување и донесување на Одлука за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица;
7. Разгледување и донесување на Листа на имиња за улици во населено место с.Новаци, Општина Новаци и донесување на Одлука за усвојување на листата на имиња за улици;
8. Разгледување и усвојување на Извештајот за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2025;
9. Разгледување и донесување на Одлука за давање на Согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП ,,Пелалинк" Битола;
10. Разгледување на Изјава за оставка на член на Управен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и донесување на Одлука за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола;
11. Разгледување на Барање/Изјава за оставка на член на Надзорен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и донесување на Одлука за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола;

12. Советнички прашања.

Претседателот побара дополнување на дневниот ред за уште една точка:
-Разгледување на барање и програма од ЗУСК ,,Славко Лумбарковски" Новаци;
Како точка бр.12, а точката бр. 12 Советнички прашања да биде точка бр. 13.

Предложениот дневен ред со дополнувањето, советниците го усвоија со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 1** Разгледување и усвојување на Записникот од 2$^{pa}$ седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 2$^{pa}$ седница, истиот беше ставен на гласање. Записникот беше усвоен со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 2**Разгледување и донесување на Одлука за формирање Комисија за елементарни непогоди;

Советникот Горан Велјановски објасни дека Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, за членови на Комисија за елементарни непогоди ги предложи следните лица: Илче Трајковски-претседател и челнови: Горан Велјановски, Игор Марковски, Васко Секуловски и Иванчо Котевски.

Претседателот точката ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 3** Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;

По однос на оваа точка Раководителката Оливера Димитровска образложи дека пренаменатa на средства во Буџетот се однесува на пренамена на средства од една ставка во друга и тие се однесуваат на Основното училиште Славко Лумбарковски-Новаци кои му се потребни за исплата на јубилејни награди, регрес за годишен одмор и т.н. По образложувањето на точката Претседателот ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 4** Разгледување и донесување на Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;

Претседателот ја повика Павлина Таневска да ја објасни оваа точка. Таа им кажа на советниците дека секоја година Советот на општината треба да донесува одлука за определување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште на територијата на Општина Новаци. Потоа образложи дека пресметувањето на пазарната вредност на населените места од страна на општинската администрација се врши според локални услови, односно според постигнатите пазарни цени за поодделните

видови недвижен имот во моментот на продажба, ако за тоа нема податоци според податоците во годината која и предходи на годината за која се врши проценатa.

По објаснувањето Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 5** Разгледување и донесување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;

Анета Киселоска го образложи Правилникот и кажа дека и претходниот мандат на Советот, имаа донесено Правилник, со кој полесно се оценувше дали некој барател на еднократна парична помош ги исполнува условите за добивање на ЕЕП, во кој износ или не исполнува услов за ЕПП. Советниците го разгледаа предложениот Правилник кој им беше доставен како работен материјал а потоа претседателот објасни дека Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, на седницата го усвои Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, со тоа што сумата за исплата за категоријата првачиња и новородени деца во Општина Новаци да се зголеми од 5.000денари на 10.000 денари.

Претседателот точката ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 6** Разгледување и донесување на Одлука за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица;

Советникот Горан Велјановски објасни дека Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица ги предложи следните лица: Илче Трајковски-претседател и челнови: Весна Котевска, Иванчо Петковски, Васко Секуловски и Ропче Ангелковски.

Претседателот точката ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 7** Разгледување и донесување на Листа на имиња за улици во населено место с.Новаци, Општина Новаци и донесување на Одлука за усвојување на листата на имиња за улици

По однос на оваа точка Претседателот на Комисијата Иванчо Котевски објасни дека Комисијата ја разгледа оваа точка на седницата и дека ја прифати Листата на имиња на улици и донесе Одлука за усвојување. Раководителката Анета Киселоска им објасни на присутните дека Листата на имиња за улици во населено место с.Новаци Општина Новаци еднаш е донесена и испратена до Генерален секретаријат на Владата на РСМ, но од таму побараа, истата повторно да се донеси на седница на Совет и да се достави на пропишан образец до Генерален секретаријат на Владата на РСМ. Претседателот побара Благој Бежановски и Сузана Аврамовска да објаснат како е направен планот за именување на улиците. Тие им објасниј на присутните дека се работи за истата листа донесена од предходниот совет и ја прикажаја неофицијалната мапа направена со имиња на улици во општина Новаци.

По дискусијата претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 8** Разгледување и усвојување на Извештајот за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2025;

Претседателот го прочита извештајот за манифестацијата ,,Фестивал на жетвата" Новаци 2025 и кажа дека Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР ја усвои оваа точка. Советникот Васко Секуловски праша дали во финансискиот извештај е внесен делот за осветлување на штандовите а претседателот му одговори дека нема таква ставка во извештајот и дека најверојатно тоа е поинаку организирано. По дискусијата претедателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **7** гласа **ЗА** и **2 ВОЗДРАЖАНИ.**

**Точка 9** Разгледување и донесување на Одлука за давање на Согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на МЈП ,,Пелалинк" Битола;

Анета Киселовска објасни на што се однесува измената во Статутот на МЈП ,,Пелалинк" Битола и дека секоја општина основач на претпријатието треба да даде согласност за измената во Статутот. По разгледувањето на точката претседателот ја стави на гласање и точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 10** Разгледување на Изјава за оставка на член на Управен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и донесување на Одлука за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Управен одбор на МЈП Пелалинк - Битола;

Анета Киселоска ја образложи оваа точка и новиот Закон за јавни претпријатија односно постапката за избор/именување на членови на Управни и Надзорни одбори. Постапката со објавување на јавен оглас за избор на членови трае подолго, па затоа до изборот на членовите, се именува ВД член на Градоначалникот.

Советот ја разгледа изјавата за оставка на член на Управен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и предлогот за именување на нов ВД член: Елена Стојчевска од с.Гнеотино и Претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **7** гласа **ЗА** и **2 ВОЗДРАЖАНИ.**

**Точка 11** Разгледување на Барање/Изјава за оставка на член на Надзорен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и донесување на Одлука за разрешување и именување на вршител на должност (ВД) член на Надзорен одбор на МЈП Пелалинк - Битола;

Анета Киселоска повторно укажа на тоа дека и во овој случај се назначува ВД член на Надзорен одбор на предлог на Градоначалникот.

Советот ја разгледа изјавата за оставка на член на Надзорен одбор на МЈП ,,Пелалинк" –Битола и предлогот за именување на нов ВД член: Емилија Вајдевска од с.Новаци и Претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **7** гласа **ЗА** и **2 ВОЗДРАЖАНИ.**

**Точка 12** Разгледување на барање и програма од ЗУСК ,,Славко Лумбарковски" Новаци;

Претседателот на Советот Илче Трајковски објасни дека на седницата на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР каде е исто такапретседател се разгледала програмата доставени од ЗУСК ,,Славко Лумбарковски" Новаци, го прочита и нивното

Барање, по што ги повика професорите Васко Ристевски и Александар Митревски да ја образложат програмата.

Професорите објасниј а со кои активности се бави клубот и за што им се потребни финансиските средства и дека Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР односно претседателот Илче Трајковски побара во иднина здружението да доставува детален извештај со фискални сметки и изводи од банка за потрошените финансиски средства.

Претседателот на Советот кажа дека Комисијата даде предлог за доделување на финансиски средства на клубот во износ од 150 000, 00 денари..

Советникот Васко Секуловски даде предлог општинското Претпријатие ,,Пелалинк" да го врши превозот за здружението, меѓутоа Анета Киселоска и Оливера Димитровска му објасниј а дека претпријатието според Правилник ќе мора да и наплатува на општината за истото. По дискусијата Претседателот, точката со предлогот ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

**Точка 13** Советнички прашања.

Бидејќи немаше советнички прашања Претседателот ја затвори седницата. Седницата заврши во 13:15 часот

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски